**20251142504**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 307 став (2) од Законот за енергетика (*) ( „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 5 јуни 2025 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ОПЕРАТОРОТ НА ОРГАНИЗИРАНИОТ ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЗА НОМИНИРАН ОПЕРАТОР НА ПАЗАР НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА-НЕМО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со оваа одлука назначениот оператор на организираниот пазар на електрична енергија МЕМО ДООЕЛ Скопје, со ЕМБС 7309724 и седиште на ул. „Максим Горки’’ број 4, Центар, Скопје со Одлука за назначување на операторот на пазарот на електрична енергија за оператор на организираниот пазар на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 218/20) се назначува и за номиниран оператор на организираниот пазар на електрична енергија – НЕМО во Република Северна Македонија, за извршување на задачите поврзани со спојување на пазарите на електрична енергија ден однапред или во тековниот ден.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-5657/3
5 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.